Неплатените приходи од претходните години по основа на придонеси за Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување и Републичкиот завод за вработување, што ќе се наплатат во 2000 година не влегуваат во износите утврдени во член 2 од овој закон.

Приходите од став 1 на овој член се уплатуваат на посебни потсметки на фондовите и Заводот.

Член 6

Приходите остварени над утврдениот износ во членовите 2 и 3 на овој закон ќе се насочуваат на посебна републичка сметка.

За користење на средствата од став 1 на овој член одлучува Владата на Република Македонија.

Член 7

Празнењето на приходите го врши Заводот за платен промет и за остварувањето на приходите го известува Министерството за финансии.

Празнењето на приходите за единиците на локалната самоуправа го врши Заводот за платен промет, од уплатените сметки на досегашните општини врз основа на утврденото учество во вкупниот број на населението бројот на населените места и површината на општините искажана во $км^2$ на ниво на старите општини.

Член 8

Министерот за финансии ќе донесе упатство за спроведување на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2000 година.

**1972.**

Врз основа на член 47 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/93), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21. 12. 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА СТЕКНУВАЊЕ НА ДЕНАРСКИ ПОБАРУВАЊА НА СТРАНСКИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за начинот на стекнување на денарски побарувања на странски лица во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 57/93 и 34/94), во точка 8 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок на став 2 на оваа точка, Банката овластена за работа со странство може исплатата на надоместоците за сторени штети на територијата на Република Македонија, како и за плаќање по одредени договори на НАТО/КФОР силите во Република Македонија, да врши исплата во ефективни денари и тоа најмногу во висина до 5.000.000,00 денари месечно."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5666/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1973.**

Врз основа на член 46 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98) и член 29 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 44/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21. 12. 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ВИЗЕН РЕЖИМ ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА, НОСИТЕЛИ НА СИТЕ ВИДОВИ ПАТНИ ИСПРАВИ**

1. Визите за словенечките државјани, носители на сите видови патни исправи, се воведуваат од 1 февруари 2000 година и ќе се издаваат во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.

2. Ослободување од одредени визни обврски, ќе се определува врз основа на реципроцитет со подзаконски акт на министерот за надворешни работи на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1. 02. 2000 година.

Бр. 23-5888/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1974.**

Врз основа на член 46 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98) и член 29 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 44/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21. 12. 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ВИЗЕН РЕЖИМ ЗА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА ЧЕШКА, НОСИТЕЛИ НА СИТЕ ВИДОВИ ПАТНИ ИСПРАВИ**

1. Визите за чешките државјани, носители на сите видови патни исправи, се воведуваат од 1 февруари 2000 година и ќе се издаваат во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.

2. Ослободување од одредени визни обврски, ќе се определува врз основа на реципроцитет со Договор или со подзаконски акт на Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1. 02. 2000 година.

Бр. 23-5887/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1975.**

Врзс основа на член 46 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21. 12. 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПОЛЕТНО-СЛЕТНИТЕ ПАТЕКИ (БЕТОНСКИ) И СТАБИЛИЗИРАНИТЕ ТРЕВНАТИ ПАТЕКИ**

Член 1

Со оваа одлука се пренесуваат на користење полетно-слетните патеки (бетонски) и стабилизираните тревнати патеки кои се изградени на следните локации: „Логоварди" – Битола, катастарска општина – Логоварди, КП бр. 724, со површина од 73.305 $м^2$; „Даме Груев" кај Битола, катастарска општина Беранци, КП бр. 3235/2 со површина од 98.541 $м^2$; „Сарадиново" кај Прилеп, катастарска општина Сарадиново, КП. бр. 501/3 со површина од 92.472 $м^2$; „Каратманово" кај Велес, катастарска општина Каратманово, КП. бр. 852/2 со површина од 75.099 $м^2$; „Пепшрово" кај Св. Николе, катастарска општина Пеширово, КП. бр. 890/2, со површина од 85.859 $м^2$; „Врсаково" кај Штип, катастарска општина Сарачиново, КП. бр. 644/2 со површина од 73.061 $м^2$; „Црвени Брегови" кај Неготино, катастарска општина Криволак, КП. бр. 683/2 со површина од 93.602 $м^2$; и „Росоман" кај Градско, катастарска општина Росоман, КП. бр. 101/1, со површина од 125.124 $м^2$; во сопственост на Република Македонија, се пренесуваат на користење на Министерството за сообраќај и врски – Дирекција за цивилна воздушна пловидба.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ на леталиштата во размер 1:2500, кој не се објавува, а се наоѓа во Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5457/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1976.**

Врз основа на член 78 став 2 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ“ бр. 20/97), Владата на Република Македонија, на предлог на Советот за радиодифузија, на седницата одржана на 21.12.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПРОЕКТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

I. Се објавува оглас за финансирање проекти од јавен интерес од средствата од радиодифузната такса, кои согласно членот 77 став 1 алинеја 5 од Законот за радиодифузната дејност се наменети за создавање и емитување на радио и телевизиски програми од јавен интерес на трговските радиодифузни друштва и независните продуценти, во износ од 130.000.000,00 (сто и триесет милиони) денари.

Од средствата од претходниот став ќе се финансираат проекти од јавен интерес и тоа:

1. Играна радио и телевизиска продукција

1.1. Оригинално домашно творештво (радио или телевизиска драма; радио или телевизиска хумореска; радио или телевизиска серија; радио или телевизиски расказ).

2. Информативна продукција

(Општество; економија; политика; меѓународна политика; европски и меѓународни интеграции; бизнис; банкарство и финансии; пристап до меѓународните финансиски ресурси; мали и средни претпријатија; меѓународно партнерство и промоција на бизнис).

3. Документарна и документарно-играна продукција

3.1. Документарен филм и емисии (археолошко наследство; ликовни ризници; сакрални објекти на тлото на Македонија; копаничарство; македонска архитектура; историја на културните и религиозните традиции на тлото на Македонија и личности од историјата).

3.2. Образовни емисии и серии (специјализирани програми за млади; правоговор и правопис; основи на менаџментот; современи финансиски институции и процеси; права и слободи на граѓаните; правата и статусот на малцинствата на Балканот; права на детето; трговско право; предизвици на технолошката модернизација на македонското стопанство; агрокултурата и производство на храна).

3.3. Репортажи, патеписи, записи (ендемски растителни и животински видови во Македонија; национални паркови; планински врвови; по долините на реките; езерата во Македонија; тајните на пештерите; недопрени предели; еколошка култура и спортски патеписи).

4. Музички и мултимедијални проекти (ТВ музичко шоу; мултимедијални музички програми; радио музичка антологија; телевизиски музички времеплов; пејачки групи на изворна музика; староградска музика; снимање и репродукција на аудио и видео записи (репродукција на фонограми, видеограми, односно на носачи на звук или на звук и слика).

5. Програмски подрачја со нагласен интерес (информациско општество; мултикултурна соработка; научен и технолошки развој; екологија; кампања Made in Macedonia; борба против зависности; борба против СИДА).

II. Условите (општи, програмски, продукциони и други) за создавање и емитување на проектите се определуваат со тендерската документација.

Тендерската документација може да се подигне во Советот за радиодифузија, ул. „Илинденска“ бр. 9.

За тендерската документација се плаќа надоместок во износ од 2.000,00 денари на жиро сметка бр. 40100-637-2507.

III. Право на учество на огласот имаат трговските радиодифузни друштва и независните продуценти.

IV. Пријавата за учество на огласот се поднесува во рок од 90 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија“ на начин, форма и содржина предвидени со тендерската документација.

Советот за радиодифузија во рок од 45 дена од денот на завршувањето на огласот ќе й предложи на Владата распоредување на средствата за одделни проекти.

Во функција на подготвувањето на предлогот на Советот за финансирање на одделни проекти од јавен интерес, пријавите со придружната документација за проектите ќе ги разгледува комисијата што ќе ја образува Советот за радиодифузија.

V. Огласот да се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и јавните гласила.

Бр. 23-5774/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**

**1977.**

Врз основа на член 6 од Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1998 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.12.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НАД ДОЗВОЛЕНОТО НИВО НА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1998 ГОДИНА

1 Дел од остварените вишоци на приходите над дозволеното ниво на потрошувачка во 1998 година во износ од 9.100.000 денари се распределуваат на следните единици на локалната самоуправа:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Гостивар | 700.000 | денари |
| 2 | Бистрица | 300.000 | денари |
| 3 | Кратово | 800.000 | денари |
| 4 | Куклиш | 400.000 | денари |
| 5 | Велешта | 200.000 | денари |
| 6 | Ново Село | 600.000 | денари |
| 7 | Неготино-Полошко | 400.000 | денари |
| 8 | Пробиштип | 300.000 | денари |
| 9 | Врапчиште | 400.000 | денари |
| 10 | Демир Капија | 400.000 | денари |
| 11 | Осломеј | 500.000 | денари |
| 12 | Тетово | 1.000.000 | денари |
| 13 | Шуто Оризари | 600.000 | денари |
| 14 | Цепчиште | 500.000 | денари |
| 15 | Желино | 500.000 | денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Теарце | 300.000 | денари |
| 17 | Делагожда | 200.000 | денари |
| 18 | Житоше | 200.000 | денари |
| 19 | Брвеница | 400.000 | денари |
| 20 | Дебар | 400.000 | денари |

2. Единиците на локалната самоуправа се должни средствата од точка 1 на оваа одлука да ги користат наменски.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии. Средствата ќе се преведат на жиро сметките на буџетите на Единиците на локалната самоуправа.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5793/1
14 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1978.**

Врз основа на член 18 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2000 ГОДИНА

Се донесува Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2000 година.

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-5850/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**1979.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93, 63/95 и 15/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.1999 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 30 00 00 | – Портабл дигитални машини за автоматска обработка на податоци, со маса до 10 кг, што се состојат од најмалку една централна единица, тастатура и дисплеј | |
| | | – Други дигитални машини за автоматска обработка на податоци: | |
| | | а) Портабл дигитални машини за автоматска обработка на податоци | 2 парчиња |
| | 8471 50 | – Дигитални централни единици освен оние од тар. подброеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто кукиште една или две од следниве единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: | |
| | 8471 50 90 00 | – – Друго | |
| | | а) Дигитални централни единици | 8 парчиња |
| | 8471 60 | – Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто кукиште: | |
| | 8471 60 40 00 | – – – Печатари | 9 парчиња |
| | 8471 60 50 00 | – – – Тастатури | 8 парчиња |
| | 8471 60 90 00 | – – – Друго | |
| | | а) Скенери | 1 парче |
| | 8471 70 | – Мемориски единици: | |
| | 8471 70 51 00 | – – – – – Оптички, вклучувајќи и магнетно-оптички | 8 парчиња |
| | 8471 80 | – Други единици од машините за автоматска обработка на податоци: | |
| | 8471 80 10 00 | – – Периферни единици | 2 парчиња |
| 8504 | | Електрични трансформатори, статички конвертори (на пример, исправувачи) и индуктивни калеми: | |
| | 8504 40 | – Статички конвертори (претворувачи): | |
| | 8504 40 30 00 | – – – Модули за напојување од вид кои се употребуваат кај машините за автоматска обработка на податоци | |
| | | а) Модули за напојување на машините за АОП | 2 парчиња |
| 8517 | | Електрични апарати за жична телефонија или жична телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони: | |
| | | – Телефонски апарати (телефони);видеофони: | |
| | 8517 50 | – Други апарати, за жични системи со носечка струја или за дигитални линиски системи: | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 8517 50 10 00 | --За жични линиски системи со носечка струја<br>а) апарати за жичани сустеми - модеми / мрежни картички | 15 парчиња |
| 8524 | | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37: | |
| | 8524 91 | --За репродукција на појави освен на звук или слика: | |
| | 8524 91 10 00 | --- Со снимени податоци или програми, од вид кои се употребуваат со машини за автоматска обработка на податоци<br>а) Друго со снимени податоци или програми за машини за автоматска обработка на податоци | 28 парчиња |
| 8528 | | Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видео-монитори и видео-проектори:<br>- Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика: | |
| | 8528 21 00 00 | --Во боја<br>а) Видео монитор во боја | 8 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-5622/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1980.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93, 63/95 и 15/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.1999 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9028 | | Мерачи на потрошувачката или на производството на гасови, течности или на електрична енергија, вклучувајќи и мерачи за нивно баждарење: | |
| | 9028 20 00 00 | - Мерачи на течности<br>а) Водомер ENDRESS HAUSER DN 300мм; PN10 IP 67 компактна изведба напојување 220V и 50/60 Hz импулсивен излез | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-5623/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1981.**

Врз основа на член 9, став 2 од Законот за одбележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 13/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.1999 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА И ГРОБОВИ НА ПАДНАТИ БОРЦИ ВО АНТИФАШИСТИЧКАТА ВОЈНА И ДРУГИТЕ НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНИ ВОЈНИ ВО МАКЕДОНИЈА ПОГРЕБАНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Со оваа програма се обезбедуваат потребни средства за уредување и одржување на индивидуални гробови и заеднички гробници на паднати борци во Антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни во Македонија погребани на територијата на Република Македонија.

II

Средствата за остварување на оваа програма во висина од 3.485.000,00 денари за уредување и одржување на индивидуални гробови и заеднички гробници на паднати борци и 300.000,00 денари за интервентни поправки за насилно оштетени гробови, ќе се обезбедат од Буџетот на Републиката и тоа 1.890.000,00 денари за 2000 година и 1.890.000,00 денари за 2001 година.

III

Средствата од точка II на оваа програма се распоредуваат за уредување и одржување на индивидуалните гробови и заедничките гробници на општините:

| ОПШТИНА | Индивидуални гробови | | | Заеднички гробници | | Износ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Уредени | За уредување | Одржување | За уредување | Одржување | |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| Белчишта | 1 | 1 | 1 | - | - | 35.000,00 |
| Битола | 52 | 3 | 52 | 1 | - | 400.000,00 |
| Бистрица | 5 | 7 | 5 | - | - | 235.000,00 |

| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Богомила | - | - | - | - | 1 | 15.000,00 |
| Брвеница | 1 | 2 | 1 | - | - | 65.000,00 |
| Вратница | 5 | - | 5 | - | - | 25.000,00 |
| Вруток | - | 1 | - | - | - | 30.000,00 |
| Гевгелија | - | 1 | - | - | - | 30.000,00 |
| Дебар | 11 | - | 11 | - | 1 | 70.000,00 |
| Д. Капија | 1 | - | 1 | - | - | 5.000,00 |
| Д. Хисар | 1 | 1 | 1 | - | - | 35.000,00 |
| Добрушево | 1 | 1 | 1 | - | 1 | 50.000,00 |
| Другово | - | 1 | - | - | - | 30.000,00 |
| Кочани | 2 | - | 2 | - | - | 10.000,00 |
| Кривогаштани | 4 | 2 | 4 | - | - | 80.000,00 |
| Крушево | 25 | 15 | 25 | 1 | - | 625.000,00 |
| Кукуречани | 3 | - | 3 | - | - | 15.000,00 |
| Мав. Анови | 11 | 17 | 11 | - | - | 565.000,00 |
| Макед. Брод | 14 | - | 14 | - | - | 70.000,00 |
| Новаци | 1 | 1 | 1 | - | - | 35.000,00 |
| Облешево | - | 2 | - | - | - | 60.000,00 |
| Оризари | 1 | - | 1 | - | - | 5.000,00 |
| Охрид | - | - | - | 1 | - | 50.000,00 |
| Пласница | - | 3 | - | - | - | 90.000,00 |
| Прилеп | 1 | - | 1 | - | - | 5.000,00 |
| Пробиштип | - | 8 | - | - | - | 240.000,00 |
| Радовиш | 4 | 1 | 4 | - | 1 | 65.000,00 |
| Ресен | 27 | 1 | 27 | - | 1 | 180.000,00 |
| Ростуше | - | 1 | - | - | - | 30.000,00 |
| Струмица | 2 | - | 2 | - | - | 10.000,00 |
| Св. Николе | - | 2 | - | - | - | 60.000,00 |
| Сопотница | 1 | - | 1 | - | - | 5.000,00 |
| Самоков | 3 | 1 | 3 | - | - | 45.000,00 |
| Цапари | 3 | 6 | 3 | - | 1 | 210.000,00 |
| Штип | 1 | - | 1 | - | - | 5.000,00 |
| ВКУПНО: | 181 | 78 | 181 | 3 | 6 | 3.485.000,00 |
| за интервентни поправки | | | | | | 300.000,00 |
| СÈ ВКУПНО: | | | | | | 3.785.000,00 |

IV

Пренесувањето на средствата по општини за извршените работи ќе се врши преку Републичката управа за прашања на борците и воените инвалиди при Министерството за труд и социјална политика, врз основа на нивните барања.

V

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-5663/1
21 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1962.**

Врз основа на точка 3 алинеја 2 од Одлуката за прибирање, користење и управување на средствата од Програмата Phare, на Европската Унија во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/94 и 31/95), Комисијата на Компензациониот фонд Phare,на седницата одржана на 17.12.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕГРЕСИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА ПО КОРИСТЕНИ КРЕДИТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ КРЕДИТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА ИЛИ ЗА НОВИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ

Член 1

Во Одлуката за регресирање на дел од каматата по користени кредити за реализација на инвестициони кредити за реконструкција и модернизација или за нови производни капацитети („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/98), во член 2 зборовите: „во текот на 1996 и 1997 година“ се заменуваат со зборовите: „им“.

Член 2

Во членот 8 став 2 се брише.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-3429
24 декември 1999 година
Скопје

Претседател на Комисијата
на Компензациониот фонд
Phare,
д-р **Милијана Б. Даневска**, с.р.

**1963.**

**Врз основа на член 160 од Законот за органите на управата („Службен весник на РМ“ бр. 40/90, 63/94 и 63/98), а во врска со член 5 од Протоколот А на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, министерот за финансии, донесе**

## УПАТСТВО
## ЗА АДМИНИСТРАТИВНАТА ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТАРИФНИ КВОТИ

**Член 1**

**Со ова упатство се уредува административната постапка при увозот на земјоделско-прехранбените стоки кои се на тарифни квоти согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија.**

**Административната постапка на користење на тарифните квоти за земјоделско-прехранбените производи утврдена со ова упатство се применува врз основа на принципот на користење на квоти: „прв дојден, прв корисник“ („first come, first served“).**

**Член 2**

**Во рамките на тарифните квоти за секоја поодделна стока ќе се применуваат ослободувањата, намалените царински давачки или фиксно утврдената царинска давачка во согласност со Анекс I на протоколот А од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија.**

**Член 3**

**Увозното царинење на стоките, за кои царинската стапка и посебната давачка за земјоделски и прехранбени производи ќе биде укината или намалена во рамките на тарифните квоти ќе се врши во следните царински испостави:**

1. **Царинска испостава Скопје,**
2. **Царинска испостава Терминал увоз Скопје,**
3. **Царинска испостава Консигнација и саем Скопје,**
4. **Царинска испостава пошта Скопје,**
5. **Царинска испостава Железничка станица Трубарево,**

6. Царинска испостава Аеродром Скопје – отсек за стоково царинење,
7. Царинска испостава Куманово,
8. Царинска испостава Деве Баир – отсек за стоково царинење,
9. Царинска испостава Штип,
10. Царинска испостава Делчево – отсек за стоково царинење,
11. Царинска испостава Велес,
12. Царинска испостава Железничка станица Гевгелија – отсек за стоково царинење,
13. Царинска испостава Кавадарци,
14. Царинска испостава Струмица,
15. Царинска испостава Битола,
16. Царинска испостава Пошта Битола,
17. Царинска испостава Прилеп,
18. Царинска испостава Охрид,
19. Царинска испостава Аеродром Охрид,
20. Царинска испостава Струга.

Член 4

Барање за користење на тарифните квоти (во натамошниот текст: барање), се поднесува на образецот кој е составен дел на ова упатство, во два примерока.

Барањето се пополнува од страна на увозникот (или на неговиот застапник) и се предава:

– кај појдовната гранична царинска испостава – заедно со документот со кој започнува транзитната постапка (ТИР Карнет или ЕЦД заведени во соодветен контролник) или

– кај одредишната царинска испостава – заедно со документот со кој била извршена транзитната постапка (ТИР Карнет или ЕЦД).

Царинската испостава кај која барањето е предадено е должна веднаш да го испрати својот примерок од барањето по факс апарат кај одговорниот царински службеник во Царинската управа.

Ќе се смета дека барањето е прифатено од страна на царинските органи кога од факс апаратот ќе се добие потврда дека факс-пораката е правилно испратена. Фотокопија од оваа потврда се прикачува кон примерокот предвиден за царинската испостава кај која барањето е предадено и истите се чуваат на посебно место по хронолошки ред. Оригиналната потврда дека факс пораката е правилно испратена се прикачува кон вториот примерок од барањето и му се враќа на подносителот на барањето.

Член 5

Приемот на барањата во Царинската управа се врши непрекинато, секој ден од 0 до 24 часот.

Прифаќање на барањата во Царинската управа се врши по ред кој што одговара на редот на нивното добивање (датум и време).

Обработувањето на барањата во Царинската управа се врши секој работен ден, а обработката се врши за секој претходен, односно за сите претходни календарски денови поединечно, од 0 до 24 часот.

Член 6

Во царинската управа треба:

1. да се направат фотокопии од сите барања добиени како факс пораки за денот, односно деновите кои се обработуваат;
2. да се евидентираат сите барања по календарски ден по тарифна ознака, за увозник;
3. да се изврши проверка дали вкупното количество на соодветна стока од барањата по календарски ден за определена тарифна ознака ја надминува преостанатата тарифна квота и да се изврши нејзина распределба на тарифните квоти:
   – ако вкупното количество на соодветна стока од барањата по календарски ден за определена тарифна ознака не ја надминува преостанатата тарифна квота – одговорниот царински службеник издава потврда за користење на тарифна квота за бараната количина на секој увозник;
   – ако вкупното количество на соодветна стока од барањата по календарски ден за определена тарифна ознака ја надминува преостанатата тарифна квота – одговорниот царински службеник издава потврда за користење на тарифна квота за сразмерен дел од барана количина на секој увозник, во зависност од количината која што била барана.
4. да се евидентира распределената количина до потполно исцрпување на тарифната квота.

Член 7

Потврдата за користење на тарифната квота се издава на фотокопијата од барањето кое што е пристигнато во Царинската управа, на делот од образецот кој што е предвиден за таа намена.

Одговорниот царински службеник во Царинската управа е должен најдоцна до 12 часот да ги испрати сите потврди кои што се издадени во текот на работниот ден (за претходниот, односно за претходните календарски денови), по факс апарат во секоја царинска испостава во која стоките треба увозно да се царинат.

Фотокопија од потврдата добиена од факс апаратот со која се потврдува дека факс-пораката е правилно испратена се прикачува кон потврдата за користење на тарифната квота и истите се чуваат на посебно место во Царинската управа подредени по хронолошки ред.

Член 8

Во царинската испостава во која што стоките треба увозно да се царинат треба да се направат две фотокопии од сите потврди за користење на тарифна квота кои се добиени како факс пораки. Една фотокопија се прикачува кон вториот примерок од барањето за користење на тарифните квоти кој што треба да биде поднесен од страна на царинскиот декларант во предметната декларација, а втората фотокопија се оверува и му се враќа на царинскиот декларант по завршувањето на целата царинска постапка.

Член 9

Барањето за користење на тарифните квоти може да се поднесе најрано со денот на започнувањето на примената на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, односно најрано на првиот календарски ден од годината за која што тарифните квоти се определени.

Потврдата за користење на тарифната квота може да се искористи најдоцна до последниот календарски ден од годината за која што тарифните квоти се определени.

Член 10

Увозникот на стоката кој што бара да се здобие со преференцијален третман за да може да ги користи тарифните квоти ќе мора на царинскиот орган да му презентира доказ за потекло на стоката, согласно со протоколот Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Член 11

За исцрпување на тарифната квота, Царинската управа веднаш ги известува сите царински испостави и доставува соопштение во најмалку два дневни весника.

Член 12

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2000 година.

Бр.11-16680/1 Министер за финансии,
28 декември 1999 година **Никола Груевски**, с.р.
Скопје

## БАРАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТАРИФНИ КВОТИ

1

Примерок за царинската испостава кај која се поднесува барањето

| | |
|---|---|
| 1. УВОЗНИК Бр. | 3.ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ / ЗАСТАПНИК Бр. |
| 2.ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА (ЗЕМЈА) | одговорно лице (м.п) |
| 4.ГРАНИЧНА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА | 5. К-број (ЕЦД,ТИР) |
| 6. РЕГИСТАРСКИ БРОЈ НА ВОЗИЛО | 7. Тир. карнет бр. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. ЕДИН. МЕРА | 9.КОЛИЧИНА | 10.ТАР. ОЗНАКА |

11.ОПИС

| | |
|---|---|
| 12. ДАТУМ И ЧАС | 14. ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА КАЈ КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА БАРАЊЕТО |
| 13. ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ | одговорно лице (м.п) |

## ПОТВРДА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТАРИФНИ КВОТИ

| 15. Број | 16. Датум | 17. Тар. ознака | 18. Един. мера | 19. Количина |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**Одговорен царински службеник** **(мп)**

**ЗАБЕЛЕШКА: БАРАЊАТА КОИ НЕ СЕ ЦЕЛОСНО ПОПОЛНЕТИ ЌЕ БИДАТ ОТФРЛЕНИ**

## БАРАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТАРИФНИ КВОТИ

2

Примерок за царинската испостава на увозно царинење

| | |
|---|---|
| 1. УВОЗНИК Бр. | 3.ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ / ЗАСТАПНИК Бр. |
| 2.ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА (ЗЕМЈА) | одговорно лице (м.п) |
| 4.ГРАНИЧНА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА | 5. К-број (ЕЦД,ТИР) |
| 6. РЕГИСТАРСКИ БРОЈ НА ВОЗИЛО | 7. Тир. карнет бр |
| 8. ЕДИН. МЕРА / 9.КОЛИЧИНА | 10.ТАР. ОЗНАКА |
| 11.ОПИС | |
| 12. ДАТУМ И ЧАС | 14. ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА КАЈ КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА БАРАЊЕТО |
| 13. ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ | одговорно лице (м.п) |

## ПОТВРДА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТАРИФНИ КВОТИ

| **15. Број** | **16. Датум** | **17. Тар. ознака** | **18. Един. мера** | **19. Количина** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**Одговорен царински службеник** **(мп)**

**ЗАБЕЛЕШКА: БАРАЊАТА КОИ НЕ СЕ ЦЕЛОСНО ПОПОЛНЕТИ ЌЕ БИДАТ ОТФРЛЕНИ**

**Инструкција за пополнување на барањето за користење на тарифни квоти**

Рубриките во Примерокот за царинската испостава кај која се поднесува барањето -1 и во Примерокот за царинската испостава на увозно царинење - 2 мора да бидат идентично пополнети.

Рубриките се пополнуваат со машина за пишување, печатар или рачно со мастило со читливи печатни букви. Образецот не смее да содржи бришани податоци или допишувања.

Рубриките означени со број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 13 се пополнуваат од страна на подносителот на барањето, додека рубриките означени со број 12 и 14 се пополнуваат од одговорното лице во царинската испостава во која се поднесува барањето. Рубриките означени со број 15, 16, 17, 18 и 19 во Потврдата за користење на тарифните квоти се пополнуваат од одговорниот царински службеник во Царинската Управа.

**Рубриките кои ги пополнува подносителот на барањето се пополнуваат на следниот начин:**

Рубрика 1 - Се запишува назив и адреса на увозникот. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува матичниот (даночниот) број на увозникот.

Рубрика 2 - Се запишува земјата/земјите од соодветниот Договор за слободна трговија

Рубрика 3 - Се запишува назив и адреса на подносителот на барањето (увозникот или неговиот застапник), име и презиме и потпис на одговорното лице подносителот на барањето. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува матичниот (даночниот) број на подносителот. Оваа рубрика подносителот ја оверува со печат.

Рубрика 4 - Се запишува шифра од кодексот на шифри за царинарници и нивни организациони единици и името на царинската испостава каде стоките влегле во царинското подрачје на Република Македонија.

Рубрика 5 - Се запишува бројот од Контролникот (ЕЦД, ТИР) во кој што е заведен транзитниот документ кај појдовната гранична царинска испостава .

Рубрика 6 - Се запишува регистарски број на транспортното средство во кое стоката е директно натоварена (влечното возило и приколка). Во оваа подрубрика се запишува регистарскиот број само на едно транспортно средство.

Рубрика 7 - Доколку транзитната постапка се одвива согласно ТИР Конвенцијата се запишува серискиот број на ТИР карнетот. Во спротивно оваа рубрика не се пополнува.

Рубрика 8 - Се запишува задолжителната единица на мера од Одлуката за распоредување на стоките на формите на извоз и увоз.

Рубрика 9 - Се запишува количината на стоките изразена во задолжителната единица на мера, заокружена на две децимални места.

Рубрика 10 - Се запишува тарифната ознака на стоките опишани во рубрика 11. Во оваа рубрика се запишува само една тарифна ознака.

Рубрика 11 - Се запишува вообичаениот трговски назив на стоката и податоци потребни за идентификација и распоредување на стоката според Царинската тарифа.

Рубрика 13 - Се запишува шифра од кодексот на шифри за царинарници и нивни организациони единици и името на царинската испостава каде стоките увозно ќе се царинат.

**Рубриките кои ги пополнува царинскиот орган се пополнуваат на следниот начин:**

Рубрика 12 - Се запишува датумот и часот од потврдата добиена од факс апаратот кај царинската испостава кај која барањето е поднесено со која се потврдува дека барањето како факс порака е правилно испратено во Царинската управа.

Рубрика 14 - Се запишува шифра од кодексот на шифри за царинарници и нивни организациони единици и името на царинската испостава кај која се поднесува барањето, име и презиме и потпис на одговорниот царински службеник. Оваа рубрика царинскиот службеник ја оверува со печат.

**Забелешка: Барањата кои не се целосно и правилно пополнети ќе бидат отфрлени**

**1904.**

Врз основа на член 397 став 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ" број 14/98), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА, ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР И ВОЗАЧКАТА ПОТВРДА

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката на издавање, за менување, продолжување на важењето и за начинот на водење на евиденцијата на возачките дозволи и дозволите за возач на трактор, како и постапката за издавање и начинот на водење на евиденцијата за издадените возачки потврди.

### II. ИЗДАВАЊЕ, МЕНУВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ВОЗАЧКИТЕ ДОЗВОЛИ И ДОЗВОЛИТЕ ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР

Член 2

Возачката дозвола се издава врз основа на лично поднесено барање за издавање на возачка дозвола кое ги содржи следните податоци: лично име, татково име, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, државјанство, живеалиште односно престојувалиште и адреса на подносителот на барањето, датум на полагањето на возачкиот испит и категорија на моторни возила за кои се бара издавање на возачка дозвола.

Член 3

Со барањето за издавање на возачка дозвола се поднесува:

1. уверение за телесна и душевна способност, доколку на уверението што било приложено со пријавата за полагање на возачкиот испит му истекол рокот на важењето;

2. уверение за положен возачки испит за управување со моторно возило од категоријата за која се бара издавање на возачка дозвола;

3. две фотографии со големина од 3,5 Х 4,5 см. со насликано лице од напред без капа, шамија и слично. (доколку во уверението за телесна и душевна способност стои дека лицето се служи со очила, истото се фотографира со нив) и

4. лична карта.

Член 4

По приемот на барањето за издавање на возачка дозвола, се утврдува дали се исполнети пропишаните услови за стекнување право на управување со моторно возило од член 232 став 1 точки од 1 до 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и, доколку истите се исполнети, ќе се издаде возачка дозвола или ќе се донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на возачка дозвола.

Член 5

Во случаите од член 297 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, странска возачка дозвола се заменува со македонска возачка дозвола со поднесување барање.

Со барањето за замена на странска возачка дозвола покрај доказите односно прилозите од член 3 точки 1,3 и 4 на овој правилник, се поднесува и превод од странската возачка дозвола заверен од нотар, а во случаите од член 297 став 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и писмен доказ дека лицето престојувало во земјата во која е издадена странската возачка дозвола, подолго од 6 месеци, односно исправа издадена од органот надлежен за издавање на странска возачка дозвола од која се гледа со кои моторни возила има право да управува односно дека рокот на важењето на дозволата не и истекол.

Член 6

Во случаите кога ќе се утврди дека странската возачка дозвола односно исправите од член 5 на овој правилник не се веродостојни, ќе се одземе возачката дозвола издадена во замена на странската возачка дозвола.

Член 7

При замената, странската возачка дозвола се одзема од лицето на кое му е издадена возачката дозвола и истата се чува во досието.

Странската возачка дозвола му се враќа на лицето по негово барање, ако ја напушти Република Македонија, но при тоа истовремено ја враќа возачката дозвола што му е издадена во замена за странската возачка дозвола.

Член 8

Продолжувањето на рокот на важење на возачката дозвола се запишува во рубриката за продолжување на важењето на самата возачка дозвола.

Член 9

Возачката дозвола чија важност не може да се продолжи се поништува, а возачот се брише од евиденцијата на возачи.

Член 10

Губењето на возачката дозвола возачот го пријавува на подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје е загубена возачката дозвола.

Ако возачот ја загуби возачката дозвола надвор од подрачјето на општината на која има живеалиште, подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи каде што дозволата е загубена, на негово барање ќе му издаде за тоа потврда во која ќе се наведе категоријата на возилото што го управува возачот. Оваа потврда се издава во рок на важење само за онолку време колку што му е потребно на возачот да се врати со возилото во своето живеалиште.

Потврдата од став 2 на овој член, ќе се издаде откако претходно по службена должност ќе се изврши проверка и ќе се обезбедат соодветни податоци преку подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи која возачот го води во евиденција.

Член 11

Барањето за издавање на нова возачка дозвола наместо загубената, возачот лично го поднесува до подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје истиот има живеалиште.

Со барањето за издавање на нова возачка дозвола наместо загубената се приложуваат и две фотографии на возачот во големина 3,5 х 4,5 см. и лична карта.

Член 12

Ако возачката дозвола е толку дотраена заради што не може да се користи како таква, возачот поднесува барање дозволата да му се замени со нова.

Во случајот од став 1 на овој член, се применуваат одредбите од член 11 на овој правилник.

Дотраената возачка дозвола се поништува и истото се забележува на барањето за замена на дотраената возачка дозвола.

Член 13

Новата возачка дозвола која се издава како дупликат, се означува со зборот „ДУПЛИКАТ" и го носи истиот регистарски број како и загубената односно дотраената возачка дозвола.

Член 14

Евиденцијата што се води за издадените возачки дозволи се состои од регистар, картотека и досиеја за возачи на моторни возила, а се врши и автоматска обработка на податоци, која ги содржи податоците од картонот на возачот.

Член 15

Регистарот за возачи на моторни возила содржи: реден број, лично име, татково име, датум и место на раѓање, ознака за категоријата на моторни возила со кои возачот има право да управува, кога и каде полагал, рок на важење на возачката дозвола и рубрика за забелешки.

Член 16

Регистарот на издадените меѓународни возачки дозволи содржи: реден број, лично име, датум и место на раѓање на возачот на кој му е издадена меѓународната возачка дозвола, живеалиште, адреса и занимање, категорија на моторни возила за кои е издадена меѓународната возачка дозвола и број, датум и органот кој ја издал возачката дозвола врз основа на која е издадена меѓународната возачка дозвола.

Страниците на регистарот од став 1 на овој член, се означуваат со реден број, а регистарот го заведува подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје е седиштето на овластената организација за издавање на меѓународна возачка дозвола, што го води регистарот.

Член 17

Картотеката за возачи на моторни возила се состои од картони на возачите.

Картонот на возачот содржи: реден број од регистарот на возачите, единствен матичен број на граѓанинот, ознака-категорија; рубрика во која се запишува: лично име, татково име, датум и место на раѓање, државјанство и занимање на возачот, број на дозволата и датум на нејзиното издавање, рок на важноста на дозволата и назив на органот што ја издал дозволата; рубрика за категорија на возила за која важи дозволата на која има место за: фотографија на возачот со димензии 3,5x4,5 см, категорија, датум на означување на категоријата, назив на органот што ја означил категоријата и датум на полагањето на возачкиот испит; рубрика за обележување на ограничување на важењето на дозволата (управување со очила, помагала и слично); рубрика за продолжување на важењето на дозволата и рубрика за обележување на место на живеалиштето.

Во картонот на возачот во посебна рубрика се запишуваат казните и мерките на безбедност што ќе му бидат изречени на возачот во прекршочна или кривична постапка, за прекршоци односно кривични дела сторени во сообраќај на пат.

Картонот на возачот претставува посебен образец (образец број 1) кој е составен дел на овој правилник.

Член 18

На барањето за издавање на возачка дозвола се забележува редниот број под кој возачот е запишан во регистарот за возачи на моторни возила.

Член 19

Досието на возачот се состои од: документацијата сврзана со полагањето на возачкиот испит, барањата за издавање, менување и продолжување на возачката дозвола и документацијата сврзана со контролните здравствени прегледи.

Член 20

Кога возачот на моторно возило ќе го промени живеалиштето, се врши бришење од евиденцијата во регистарот за возачи на моторни возила, а неговиот картон и досие, по барање на подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи во новото живеалиште, се доставува до истата.

Промената на живеалиштето и редниот број под кој возачот е запишан во регистарот на возачите на моторни возила се запишуваат во возачката дозвола.

Член 21

Одредбите на овој правилник кои се однесуваат на возачката дозвола соодветно се применуваат и врз дозволата за возач на трактор.

## III. ИЗДАВАЊЕ И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ПОТВРДИ

Член 22

Возачката потврда се издава врз основа на лично поднесено барање за издавање на возачка потврда, кое ги содржи следните податоци: лично име, татково име, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеење и датум на полагање на возачкиот испит за познавање на сообраќајните знаци и правилата на сообраќајот.

Со барањето за издавање возачка потврда се поднесува и:

1. уверение за положен возачки испит за познавање на сообраќајните знаци и правилата на сообраќајот;
2. уверение за телесна и душевна способност за управување со работни машини – односно изјава за телесна и душевна способност за управување со мотокултиватор и велосипед со мотор;
3. една фотографија во големина од 3,5 x 4,5 см., и
4. лична карта или друг соодветен документ со слика од кој може да се утврди идентитетот и живеалиштето на подносителот.

Пред издавање на возачка потврда се врши проверка дали се исполнети условите за издавање на возачка потврда утврдени во член 234 од Законот за безбедност на сообраќјот на патиштата.

Член 23

Во возачката потврда која се издава само за управување со мотокултиватор и велосипед со мотор се става забелешка – „НЕ ВАЖИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТНИ МАШИНИ".

Член 24

На возачот кој ја загубил возачката потврда или ако податоците внесени во неа повеќе не се читаат поради дотраеност или оштетување, на негово барање, му се издава нова возачка потврда.

Новата возачка потврда која се издава како дупликат се означува со зборот „ДУПЛИКАТ" и го носи истиот регистарски број како и загубената односно дотраената возачка потврда.

Со барањето за издавање дупликат возачка потврда се поднесува една фотографија со големина 3,5x4,5 см. и лична карта односно друг соодветен документ со

слика од кој може да се утврди идентитетот и живеалиштето на возачот.

Член 25

За издадените возачки потврди се води регистар и азбучник.

Регистарот покрај податоците од возачката потврда содржи и: податоци за казните и мерките на безбедност што ќе му бидат изречени на возачот во прекршочна или кривична постапка, за прекршоци односно кривични дела сторени во сообраќајот на пат, како и рубрика за забелешки.

Во регистарот се внесуваат и податоците за возачите што го промениле живеалиштето, податоци за казните и мерките на безбедност на возачите што го промениле живеалиштето заради што во рубриката за забелешки се внесува бројот на возачката потврда и подрачната организациона единица на Министерството за внатрешни работи што ја издала возачката потврда.

Азбучникот содржи лично име, татково име и број на возачката потврда.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за возачката дозвола дозволата за возач на трактор и возачката потврда („Службен весник на СРМ" бр. 26/86 и „Службен весник на РМ" бр. 51/92).

Член 27

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 231-40217/1
22 декември 1999 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Павле Трајанов**, с.р.

Образец бр.1

| ЕМБГ |
|---|

Реден број од регистерот на возачите

.................................................

Категорија

.................................

## КАРТОН НА ВОЗАЧОТ

| | |
|---|---|
| Презиме | Име |
| Татково име | Датум на раѓањето |
| Место на раѓањето | Државјанство |
| Занимање | Број на дозволата |
| Датум на издавањето на дозволата | Рок на важноста на дозвола |
| Назив на органот што ја издал дозволата | |

КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА ЗА КОЈА ВАЖИ ДОЗВОЛАТА

| | Категорија | Датум на означување на категоријата | Назив на органот што ја означил категоријата | Датум на полагањето на возачкиот испит |
|---|---|---|---|---|
| Фотографија на возачот 35 X 45 мм | А | | | |
| | Б | | | |
| | Ц | | | |
| | Д | | | |
| | Е за возила од категорија Б | | | |
| | Е за возила од категорија Ц | | | |
| | Е за возила од категорија Д | | | |
| | Дозвола за трак. | | | |

ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ДОЗВОЛАТА

| |
|---|
| |

(предна страна)

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ДОЗВОЛАТА

| | | |
|---|---|---|
| Важењето продолжено<br>до..........20....... год.<br>Назив на органот што го продолжил важењето<br>..........<br>Потпис, | Важењето продолжено<br>до..........20....... год.<br>Назив на органот што го продолжил важењето<br>..........<br>Потпис, | Важењето продолжено<br>до..........20....... год.<br>Назив на органот што го продолжил важењето<br>..........<br>Потпис, |

### МЕСТО НА ЖИВЕАЛИШТЕТО

| Место на живеалиштето и, општина | Точна адреса | Датум на пријавата |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Казни и мерки на безбедност изречени во прекршочна или кривична постапка**

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |
| |

(задна страна)

**1985.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 6/81, 40/87, 17/91, 38/91, и 12/93), министерот за труд и социјална политика донесе

